Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 82, 15 јуни 2012 година

јуни 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област социологија на културата и општа социологија на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент од научните области методи на теоријата на системот и системска анализа и теорија на одлучување на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот “English language teaching methods and approaches” („Методи и приоди во наставата по англиски јазик“) од авторите доц. д-р Нина Даскаловска и доц. д-р Билјана Ивановска од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 16

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 18

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА КУЛТУРАТА И ОПШТА СОЦИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08; 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип („Универзитетски гласник“ број 18, од јануари 2011 г.) и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки, на седницата одржана на 18 април 2012 година, со Одлука бр. 2102-223/15 избра Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Владо Петровски, професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (претседател),
- проф. д-р Снежана Мирасчиева, професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член),
- доц. д-р Страшко Стојановски, професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, (член).

за избор на соработник во соработничко звање ***асистент*** за научната област ***социологија на културата*** и ***општа социологија*** на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен во весникот „Дневник“ на 3 април 2012 година за избор на соработник во соработничко звање – асистент за научната област *социологија на културата* и *општа социологија* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се пријавија двајца кандидати, м-р Даниела Коцева и м-р Иле Милевски.

По прегледот на приложената документација на м-р Даниела Коцева, помлад асистент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата го приложува следниов текст за кандидатката м-р Даниела Коцева.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Даниела Коцева (моминско презиме Јакимова)** е родена на 30 март 1984 год. во Штип. Основно образование завршува во ОУ „Тошо Арсов” во Штип, со одличен успех.

По завршувањето на основното образование, средното образование го продолжува во гимназијата „Славчо Стоименски” на општата или т.н. јазична насока.

Во 2002 година се запишува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” на Педагошкиот факултет во Штип на Одделот за одделенска насока. Студиите ги завршува во предвиденото време со просек 9.5, со што е прогласена за најдобар студент на генерацијата, пофалена е и наградена од деканот на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев” – Штип, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, како и од премиерот на Владата на Република Македонија. Со завршувањето на Педагошкиот факултет се стекнува со звање дипломиран професор по одделенска настава.

Веднаш по завршувањето на факултетот, во 2006 година се вработува како одделенски наставник во ОУ „Страшо Пинџур” - Карбинци.

Во учебната 2007 година, како редовен студент, се запишува на постдипломските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” при Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Испитите ги положи со средна оценка 9,6.

Даниела Коцева на 28 декември 2010 година на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за социологија, насока Социокултурна антропологија со социологија на етничките групи, го одбранува магистерскиот труд под наслов „Разликите во образовните постигнувања по етничка основа кај учениците во основните училишта во општините Штип, Кочани и Радовиш" и се здобива со научен степен **магистер (м-р) по социолошки науки**, според кредит-системот (ЕЦРС) со средна оценка 9,62 (девет шеесет и два).

На 16 февруари 2012 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 24. редовна седница, донесе Одлука за одобрување тема за докторска дисертација на кандидатката м-р Даниела Коцева, под наслов „Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонскиот контекст".

***Наставно - научна дејност***

Наставно-научниот совет на Педагошки факултет, на третата редовна седница одржана на 13 ноември 2007 година, донесе Одлука за избор на Даниела Коцева за соработник во звањето помлад асистент по група предмети (одделенска настава и предучилишно воспитување) на Педагошки факултет во Штип.

Со Решение од страна на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од 3 јануари 2008 год. Даниела Коцева е ангажирана за настава по предметите:

- Училишна педагогија на Одделот за одделенска настава, Педагошки факултет;
- Педагошка практика на Одделот за одделенска настава, Педагошки факултет;
- Педагогија на слободно време (изборен предмет) на Одделот за одделенска настава, Педагошки факултет.

Наставно-научниот совет на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на седницата одржана на 4 јули 2008 г. донесе Одлука за формирање на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти на Педагошки факултет за чиј член беше избрана и кандидатката Даниела Коцева.

Со Решението од страна на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од 15 септември 2009 год. е ангажирана за настава на следниве предмети-наставни дисциплини:

- Социологија на образованието на Педагошки факултет;
- Општествено уредување со просветно законодавство на Педагошки факултет;
- Мултикултурно образование (изборен предмет);
- Културологија (изборен предмет).

Со Решението од 20 февруари 2010 година и на Македонски јазик со култура на изразување на Педагошки факултет.

Во текот на своето работење учествува во повеќе проекти за модернизација на образованието, организирани од Министерството за образование и наука преку Здружението на педагози и психолози – Велес и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" и тоа на следиве програми:

1. „Работа со деца според индивидуални возрасни карактеристики", чијашто содржина опфаќаше стекнување знаења и вештини и развивање стратегии за ефективно планирање и реализирање на наставата.
2. „Комуникациски вештини и тимска работа", чијашто содржина опфаќаше формирање, развивање и функционирање на групите и тимовите, екипирање на тимовите, комуникациски вештини, развивање на тимска работа, типологија на тимовите, улогата на водството во развојот на тимовите и тимската работа.
3. „Англиски јазик за наставници - вратата кон нови знаења", со содржина лични податоци, семејство и пријатели, нашиот свет, каде што живеам.

Исто така, беше вклучена и во пограничниот проектот на Општината Карбинци и Општина Симитли во Р. Бугарја – „Граници не ни треба – интегриран пристап на здравјето на младите" кој се однесуваше на младите и нивното здравје и опфати размена на ученици од двете основни училишта во Општина Карбинци и Општина Симитли, со петдневена обука на учениците од ОУ „Страшо Пинџур" во Р.Бугарија.

Во текот на 2007 година преку Педагошкиот факултет беше вклучена во тридневниот семинар кој беше дел од проектот на USAID „Креативна настава и учење" – Училишните стандарди за оценување во основното образование: Импликации во иницијалната подготовка за наставниците во РМ.

Во ноември 2011 година беше вклучена во проектот на Фондацијата „Конрад Аденауер" (КАС) и Институт за демократија „Societas Civilis" (ИДСЦС) - Толеранција, дијалог, соработка - Промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници. Оновната цел на проектот беше да се запознаат студентите со верските различности во Република Македонија и преку истите да се промовира верската толеранција и соработка. Истиот се реализираше преку посета на верските објекти: Манастирот „Св. Богородица Милостива Елеуса" во селото Велуса, Струмичко, женскиот католички манастир во Гевгелија, Синагога „Бет Јааков" и Еврејска заедница во Република Македонија, Евангелско-методистичка црква - Скопје, Мустафа Паша џамија – Скопје.

Во текот на своето работење на Факултетот за образовни науки ги има напишано следниве трудови:

***Список на објавени трудови***

1. V. Petrovski, S. Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, (2008), „The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia", Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad 12-13 may.

Во трудот станува збор за мултиетничноста и рефлексиите врз образованието во Република Македонија.

2. В. Петровски, **Даниела Јакимова** (2008), „Религиско или религиозно образование – дилеми и потреби", Основното и предучилишно образование и воспитание – предизвик на 21 век", Меѓународна научно-практична конференција, Штип. (во печат)

Во овој труд се анализира потребата и дилемата за воведување на религиозното образование во основните училишта во Република Македонија, кои се придобивките и можните последици од истото.

3. **Daniela Jakimova**, (2010), "Differences in educational achievements of pupils belonging to different ethnicities in R.Macedonia", World Conference on Educational Sciences (WCES-2010), Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8 February 2010 - Innovation and Creativity in Education.

Трудот укажува на разликите во образовните постигнувања кај учениците од различна национална припадност во Република Македонија, како резултат на бројни фактори кои ги условуваат истите.

4. V. Petrovski, S. Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, (2009), „Socialization and E-learning", V Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad.

Во трудот се говори за значењето на е-учењето и неговата функција во социјализацијата на личноста.

5. Petrovski, V., Mirasčieva, S., **Jakimova Daniela**, (2009), „Etnical nationality in Macedonia and the educational language of the members of ethnical communities", 12th International Conference on Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice, Ohrid.

Трудот говори за функционалната поврзаност меѓу етничката националност и јазикот на образованието на членовите на етничките заедници во Република Македонија.

6. **Daniela Jakimova** (2010), "Theoretical assumptions of using ICT in education", 13- th Internacional conference "ICT in the education of the Balkan countries" Varna 17-19 June.

Трудот укажува на развојот на информатичката индустрија, а особено на компјутерската технологија, која во голема мера го актуализира прашањето за промоција на информатичката писменост како една од клучните компетенции со кои треба да располагаат младите и возрасните.

7. **Даниела Јакимова**, Т.Уланска, (2010), „Образованието и јазичното прашање како дел од мултикултуралноста". Петти меѓународен научен собир на тема „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО",Охрид, 28 и 29 мај 2010 година, (во печат).

Овој труд прави анализа на промените што настанаа во Македонија, а со тоа и промени на јазичната ситуација со што РМ го напушти моделот на нација-држава и се сообрази со современите процеси во светот, кои ја дефинираат како мултиетничка и мултикултурна, па оттука и како повеќејазична.

8. В.Петровски, С.Мирасчиева, **Даниела Јакимова**, (2010), „Мултикултуралноста-етничка дистанца во училиштата на Република Македонија". Петти меѓународен научен собир на тема „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО", Охрид, 28 и 29 мај 2010 година (во печат).

Во овој труд се да дава една анализа за етничката дистанца во училиштата на РМ. Етничката дистанца се анализира врз основа на еден блок на проучувања кои пред сè се однесуваат на фактот дали припадниците на етничките заедници во државата треба да учат во етнички чисти училишта или пак во етнички мешани училишта.

9. В.Петровски, С.Мирасчиева, **Даниела Јакимова** (2010), „Толеранцијата во мултикултуралните општества – социјална дистанца". Петти меѓународен научен собир на тема „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО", Охрид, 28 и 29 мај 2010 година (во печат).

Во овој труд се зборува за толеранцијата во мултикултурните општества утврдена преку социјалната дистанца којашто во суштина го објаснува неприфаќањето на одредени видови односи со други етнички заедници.

10. **Daniela Koceva** (2011), "Social Changes, education and educational policy", VI Balkan Educational and Science Congres: The Modern Society and Education, Ohrid.

Во овој труд е направена анализа на образованието и образовната политика во Република Македонија, како и социјалните промени кои произлегуваат од него.

11. **Daniela Koceva** (2011), "Meaning of education and differences in students educational achievements", International Scientific Symposium, 65 Years jubilee Institute of Pedagogy: Education between Tradition and modernity, Ohrid, 22-24 September, 2011 (во печат)

Трудот укажува на значењето на образованието и можноста за еднакви образовни шанси, како и разликите во образовните постигнувања кај учениците од различна етничка припадност во Република Македонија.

***Учество на конференции***

1. V. Petrovski, S. Mirasčieva, **Daniela Jakimova** (2008), „The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia", Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad 12-13 may.
2. В. Петровски, **Даниела Јакимова** (2008), „Религиско или религиозно образование – дилеми и потреби", Основното и предучилишно образование и воспитание – предизвик на 21 век, Меѓународна научно-практична конференција, Штип (во печат).
3. **Daniela Jakimova** (2009), "Differences in educational achievements of pupils belonging to different ethnicities in R.Macedonia", World Conference on Educational Sciences (WCES-2010), Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8 February 2010 - Innovation and Creativity in Education.
4. **Daniela Jakimova**, V. Petrovski (2010), "Theoretical assumptions of using ICT in education", 13-th Internacional conference "ICT in the education of the Balkan countries" Varna 17-19 June (во печат).
5. **Даниела Јакимова**, Т.Уланска (2010), „Образованието и јазичното прашање како дел од мултикултуралноста". Петти меѓународен научен собир на тема „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО", Охрид, 28 и 29 мај 2010 година (во печат).
6. **Daniela Koceva** (2011), "Social Changes, education and educational policy", VI Balkan Educational and Science Congres: The Modern Society and Education, Ohrid, 29.09 – 1.10. 2011.
7. **Daniela Koceva** (2011), "Meaning of education and differences in students educational achievements", International Scientific Symposium, 65 Years jubilee Institute of Pedagogy: Education between Tradition and modernity, Ohrid, 22-24 September, 20.

*Учество на семинари*

Декември 2007 година, Скопје „Креативна настава и учење" – Училишните стандарди за оценување во основното образование: Импликации во иницијалната подготовка за наставниците во РМ во организација на USAID.

*Учество во проекти*

1. 2007, февруари: „Проект за модернизација на образованието", Комуникациски вештини и тимска работа (учесник).
2. 2007, јуни: „Проект за модернизација на образованието", Англиски јазик за наставници (учесник).
3. 2007, јуни: „Проект за модернизација на образованието", Работа со деца според индивидуални возрасни карактеристики (учесник).
4. 2007, пограничен проект на Општина Карбинци и Општина Симитли од Р. Бугарија „Граници не ни треба – интегриран пристап на здравјето на младите".
5. 2007, „Креативна настава и учење" – Училишните стандарди за оценување во основното образование: Импликации во иницијалната подготовка за наставниците во РМ, USAID (учесник).
6. 2011, „Толеранција, дијалог, соработка - Промовирање на меѓурелигиски дијалог во Македонија, преку градење на капацитетите и верските претставници' во организација на IDSCS Институт за демократија – Скопје, Фондација Конард Аденауер (КАС).

## Т А Б Е Л А

**за вреднување на активностите на помлад асистент м-р Даниела Коцева, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 16 | 0,5 | 8 |
| | | | **8** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Учесник во научен проект (во земјата 1,5,6) | 3 | 2 | 6 |
| Учесник во научен проект (во странство 4) | 1 | 3 | 3 |
| | | | **13** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на научен собир (во земјата 2,5,7,8,9,10,11) | 7 | 1 | 7 |
| Труд објавен во зборник од трудови на научен собир (во странство 1,3,6) | 3 | 2 | 6 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) (во земјата 2,5,6,7) | 4 | 1/1,5 | 6 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) (во странство 1,3,4) | 3 | 1,5/2 | 6 |
| | | | **25** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **46** |

На Конкурсот објавен во весникот „Дневник“ на 3 април 2012 година за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област социологија на културата и општа социологија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се пријави и м-р Иле Милевски.

Кандидатот **Иле Милевски** е роден на 20 јули 1981 год. во Пробиштип. Дипломира на Филозофски факултет – Институт за социологија, со средна оценка 8,11. Постдипломски студии завршува во 2008 година на Институтот за социологија – Европски студии за интеграција, со што на 17 јануари 2008 год. го одбранува магистерскиот труд со наслов „Европската стратегија за развој на претприемништвото и нејзината имплементација во развојот на малите и средните претпријатија во Република Македонија“ и се стекнува со звање магистер по европски студии за интеграција со средна оценка 9,11. Има познавања од англиски, српско-хрватски, бугарски и грчки јазик и компјутери: Microsoft Office (Word, Excel, Power Point), Internet, Corel Draw и др. Поседува силни организациски и лидерски способности.

Кандидатот има богато работно искуство од различни услужни дејности, проектен менаџер, координатор до проектен асистент и демонстратор на Институтот за социологија. Учествувал во изработка и реализација на повеќе проекти, присуствувал на многу обуки, работилници и семинари.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатот м-р Иле Милевски согласно со дипломата не соодветствува со барањата од Конкурсот и потребите на Факултетот за образовни науки.

Што се однесува до кандидатката м-р Даниела Коцева, врз основа на приложената работна биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа како помлад асистент на Педагошкиот факултет и апликативноста на искуството како наставник во основно училиште се потврдени низ успешна поврзаност на теоретските знаења и практични искуства со што се богати нејзината биографија. Од друга страна, сосема сигурен е напредокот на кандидатката м-р Даниела Коцева и на планот на научното, стручното и педагошкото усовршување, што се потврдува со ангажираноста и учеството на проекти, семинари, конференции итн. Кандидатката м-р Даниела Коцева со висок степен на совесност и одговорност ги реализира поставените задачи. Низ отворена и континуирана комуникација со студентите, остварува висок степен на соработка. Флексибилноста во работата и креативноста во мислењето кај кандидатката отвора можности за прогрес и развој со рапиден раст на професионален план, со што во кандидатката м-р Даниела Коцева се гледа еден надежен и ентузијастички насочен млад научник и перспективен наставник кој ќе даде свој придонес во развојот на науката и наставата.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира биографија на еден млад надежен научен работник и иден успешен наставник и со задоволство му препорачува на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката м-р Даниела Коцева да биде избрана во звање асистент за научната област *социологија на културата* и *општа социологија*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владо Петровски, претседател, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Снежана Мирасчиева, член, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Страшко Стојановски, член, доцент, с.р.**